ФИЛОЗОФСКА ТРИБИНА, 48, бр. 38, стр. 229–234, есен 2025

**УДК: 111.84 : 27-1 (049.3)**
**27-167.2 (049.3)**
**27-167.62/.64 (049.3)**

# „ПАДОТ НА АНГЕЛИТЕ И ПОТЕКЛОТО НА ЗЛОТО ВО РАНОХРИСТИЈАНСКИТЕ ИЗВОРИ“

Рецензија на монографијата на проф. д-р Марија Тодоровска

**Јасмина Поповска**

ПРИКАЗИ

Монографијата „Падот на ангелите и потеклото на злото во ранохристијанските извори“ од проф. д-р Марија Тодоровска е значаен настан за македонската академска заедница, особено за истражувачите во полето на филозофијата на религијата, теологијата и историјата на филозофијата. Делото е прва систематска и методолошки прецизна студија на македонски јазик, која го разработува мотивот на паднатите ангели во неговите различни варијанти и интерпретации во ранохристијанските извори. Со тоа таа не само што ја пополнува празнината во домашната литература, туку создава и основа за понатамошни интердисциплинарни истражувања кои ги вклучуваат филозофијата, религиологијата, теологијата и културологијата.

Темата за падот на ангелите и потеклото на злото не е само историско прашање, таа претставува истовремено и современ филозофски предизвик. Во време кога интересот за демонологијата и за проблемот на злото повторно оживува во популарната култура, филмската уметност и психологијата на религијата, истражувањата како оваа монографија нудат неопходна длабочина и контекст. Таа ни овозможува подобро да ги разбереме механизмите со кои човекот се обидува да го објасни злото, како и начините на кои религиозните традиции ги обликуваат претставите за вината, казната и можноста за спасение.

Монографијата е презентирана на 153 страници и структурирана е на следниов начин: воведно поглавје „Кон читателот“, десет оддели, кои содржат меѓу две и пет поглавја; Завршни зборови, и Библиографија, поделена на примарни и секундарни извори.

Во воведниот дел се поставува основната методолошка и тематска рамка на истражувањето. Авторката посочува дека приказната за падот на ангелите не е само митолошки или наративен мотив, туку носител на длабоки теолошки, сотириолошки и антрополошки импликации во рамки на ранохристијанската мисла. Тодоровска нагласува дека темата за демоните, слободната волја и космичкиот поредок има клучно значење за разбирање на раното христијанство, но и дека таа е сè уште актуелна во некои нови контексти и системи.

Во првата глава „Симнувањето на земјата“, со вкупно три подглави, се анализираат изворите на приказната во неколку текстови од апокрифната и библиската традиција, притоа прикажувајќи ги главните мотиви и теми во секој од нив. Исто така, авторката ги наведува различните форми на приказната што се присутни во христијанската традиција со тоа што ги извлекува нејзините најзначајни аспекти. Најпосле, таа обработува неколку ранохристијански автори кај кои накратко се споменува приказната, но кои таа понатаму не ги обработува. Откако со оваа глава ги поставува основните аспекти на приказната за паднатите ангели (Чувари) и првите нејзини интерпретации, Тодоровска од следната глава започнува со анализа на текстовите на авторите кај кои приказната се употребува во контекст на подлабоки теолошко-филозофски прашања. Оваа глава ја поставува темелната рамка за целото истражување, покажувајќи дека приказната за паднатите ангели не е маргинален мотив туку еден од клучните наративи што ја обликуваат ранохристијанската космологија. Поставените мотиви и интерпретации овозможуваат подоцнежните автори да ја интегрираат приказната во пошироки мисловни системи.

Во втората глава „Демоните против христијаните: паднатите ангели, според Јустин Маченик“, во три подглави авторката покажува на кој начин Јустин Маченик ја употребува приказната за паднатите ангели со цел да укаже на демонската опасност кон христијаните. Покрај согласувањето со најголем дел од приказната со изворните

текстови, Јустин додава нов елемент нагласувајќи ја водечката улога на еден прв ангел и неговата разорна моќ. Во однос на носителот на вината во оваа космичка драма, кај Јустин се нагласува дека таа сѐ уште паѓа врз ангелите. Приказната за ангелите, Јустин ја користи во насока на одбрана на христијанството од паганите, обвинувајќи ги демоните за користење на паганската митологија за манипулација на луѓето, поради што повикува на читање, разбирање и практикување на христијанското учење.

„Уништувањето на сопствената природа: падот на ангелите и на луѓето според Татијан" е насловот на третата глава на овој ракопис, која содржи две подглави. Од анализата се увидува дека Татијан ја пренесува тежината од космички на антрополошки план, нагласувајќи дека падот е резултат на слободен избор. Ова е значајно бидејќи го внесува поимот на морална одговорност, кој подоцна ќе стане централна категорија во христијанската теологија. Во оваа глава, Тодоровска покажува дека Татијан, ученикот на Јустин, ја користи приказната за паднатите ангели за да укаже дека падот е резултат на слободната волја и избор на ангелите кој, пак, понатаму ќе има разорни последици и за ангелите и за луѓето. Со побуната на првиот ангел се случил падот поради кој и ангелите и луѓето ја промениле својата природа: ангелите станале демони, а луѓето станале смртни.

Четвртата глава носи наслов „Демонските движења и движењата на душата во пристапот на Атенагора". Анализата на Атенагора го покажува психолошкото продлабочување на темата. Фокусот е ставен на последиците врз човечката душа и на нарушената врска меѓу човекот и божественото. Во две подглави авторката го анализира пристапот на Атенагора, кој го оценува како еклектички. Таа укажува дека неговиот пристап е поинаков од оној на Јустин и на Татијан затоа што тој се задржува на психолошките импликации кои настануваат поради прекинатата комуникација меѓу небото и земјата. Според Тодоровска, кај Татијан може да се заклучи дека злото во светот не е резултат на намерно корумпирање на човечката сфера, туку на нужните последици кои се јавуваат поради промената на природата на ангелите.

Во петтата глава, со наслов „Ѓаволот ни ора ни копа: падот на ангелите според Иринеј", низ двете подглави „Спротивставувањето на

гностичките позиции“ и „Сатаната и одметнатите ангели“, авторката ја проследува употребата на приказната на паднатите ангели кај Иринеј. Иринеј го пренасочува акцентот од демоните кон човекот, ставајќи ја одговорноста за злото на човештвото. Како што укажува и насловот на првата подглава, Иринеј ја употребува приказната во контекст на неговото спротивставување на гностичките учења. Тодоровска потенцира дека најголем дел од аргументацијата е посветена на улогата на ѓаволот и неговите штетни влијанија, но дека товарот на одговорноста за нарушување на редот го става повеќе на човештвото отколку на сатаната. Повторно и кај Иринеј, како и кај другите автори, се отвора прашањето за слободната волја на сите суштества, како небесни, така и земни, но и прашањето за нивната одговорност и спасение.

„Падот на ангелите и изворот на филозофијата“ е насловот на шестата глава на овој ракопис. Во оваа глава авторката ја разгледува тезата дека во падот на ангелите лежи изворот на филозофијата, и тоа го проследува кај двајца автори: Хермија Филозофот и Климент Александриски. Кај Хермија бунтот на ангелите е причината поради која филозофите ги претставиле своите учења, на кои Хермија со помешана ироничност и восхитеност им пристапува од аспект на нивната различност и разновидност. Кај Климент Александриски само се споменува идејата за поврзаноста меѓу паднатите ангели и потеклото на филозофијата со напомена дека божјата промисла одредила ангелите да ја украдат мудроста од небото со тоа покажувајќи дека таа нема ѓаволски извор. Во оваа глава се отвора интересна перспектива за односот меѓу падот на ангелите и потеклото на филозофијата. Со тоа се навестува дека злото, наместо да биде само закана, може да биде и поттик за духовно и интелектуално надминување, клучен мотив за прашањето за врската меѓу верата и разумот.

Изложена во пет подглави, седмата глава носи наслов „Падот на ангелите според Тертулијан“. Во неа Тодоровска ги прикажува ставовите на Тертулијан за спојувањето на ангелите со ќерките човечки кое треба да доведе до уништување на човештвото. Најголем дел од оваа глава е посветен на проблемот на жената и нејзиното (не)покривање на главата, кој авторката го разгледува во еден поширок теолошки и социо-еклесиолошки контекст. Понатаму, таа ја истакнува

тезата на Тертулијан за личната одговорност и вината на луѓето во нивното изложување под влијанијата на демоните, а особено на ќерките човечки кои поради својата убавина се извор на опасност речиси исто толку силна како и онаа на демоните.

„Потеклото на злото, според Ориген", е насловот на осмата глава. Во неа авторката го анализира пристапот на Ориген кон приказната за паднатите ангели, кој таа го оценува како покомплексен и многустран. Кон оваа приказна тој пристапува од една поширока онтолошка перспектива каде што го анализира потеклото на злото како космичка борба на добри и зли моќи, притоа градејќи систем на божествени созданија. Низ конзистентна и добро фундирана библиска елаборација Ориген полемизира против несоодветно аргументираните ставови на противниците, особено против Келс. Ориген, смета Тодоровска, добро ја разбира човековата природа, како и предизвиците од моралната демонска закана, поради што инсистира на добро познавање на единствениот вистински Бог како најдобар метод за истапување против штетните влијанија на демонските сили.

Разновидноста на примената на приказната за паднатите ангели, во дискусијата за потеклото на злото, авторката ја покажува во деветта глава со наслов „Патот до земјата е поплочен со добри намери: паднатите ангели во Псевдо-Климентовите Хомилии". Во Псевдо-Климентовите Хомилии Тодоровска увидува различен третман од другите ранохристијански употреби на приказната, особено од аспект на присуството на благонаклонет став кон дејствата на ангелите, но и на луѓето и на Џиновите. Во Хомилиите се прикажува дека падот е ненамерен, поттикнат од желба за праведно судење после вживувањето со луѓето. Во еден дел од оваа глава авторката се осврнува на делот од Хомилиите, кој е посветен на ритуалите на жртвување и на важноста за ритуална чистота. Оваа глава нуди поинаква, повеќе хуманистичка и помирувачка перспектива, каде што падот е ненамерен и поттикнат од правдољубиви мотиви. Ова отвора прашања за оправдувањето и рехабилитацијата на злото, тема која има потенцијал за современи етички дебати.

Последната, десетта глава на овој ракопис, е насловена „Треба да бидеме подобри: падот на ангелите и грешноста на луѓето според св. Августин". Во неа авторката ги елаборира ставовите на св. Августин

за потеклото на гревот и злото во светот во светло на приказната за паднатите ангели потенцирајќи дека тие се исклучително значајни за развој на подоцнежната теолошка традиција во насока на претпазлив страв и насилна себеодбрана од злото. Кај Августин темата добива своја најразвиена форма: падот станува основа за учењето за првородниот грев, а со тоа и за целата западна теологија за спасението. Тодоровска на почетокот ги елаборира спротивставувањата на св. Августин против манихејската космогонија, потоа ја изложува класификацијата на ангелите, за најпосле да ја прикаже неговата интерпретација на циновите.

Во одделот „Завршни зборови", авторката ги сумира заклучоците од претходно изложените анализи на приказната за падот на ангелите во ранохристијанската традиција, посочувајќи ги главните теми и пристапи. Најпосле, таа укажува на кои начини ова истражување може понатаму да биде разработувано во рамки на разбирањето и третманот на злото во религијата, а особено во христијанската традиција.

Монографијата „*Падот на ангелите и потеклото на злото во ранохристијанските извори*" од Марија Тодоровска претставува обемна, методолошки прецизна и аналитички продлабочена студија, која на 153 страници ги разработува теолошките, антрополошките и сотириолошките импликации на приказната за паднатите ангели во ранохристијанската мисла. Структуриран низ вовед, десет содржински густи оддели, завршни согледби и библиографија, овој труд покажува научна зрелост и исклучителна ерудиција.

Истражувањето, започнувајќи од изворите и варијантите на приказната, преку анализите на нејзината употреба кај значајни ранохристијански автори, почнувајќи од Јустин Маченик, Татијан, Атенагора, Иринеј, Хермија и Климент Александриски, до Тертулијан, Ориген, Псевдо-Климент и св. Августин, го следи начинот на кој овој наратив станува носител на клучни прашања поврзани со слободната волја, природата на злото, одговорноста и спасението.

Делото има значаен дидактички потенцијал: покрај неговиот карактер на монографија, ќе биде исклучително корисен материјал за изведување на наставата по предметите Филозофија на религијата, Теории за религијата, Етика и Средновековна филозофија на Инсти-

тутот за филозофија, при Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје. Со тоа, книгата станува мост меѓу академското истражување и наставниот процес.

Со својата научна длабочина, јасна концепциска структура и прегледност, ова дело значајно ја збогатува македонската филозофска литература. Неговата вредност е уште поголема ако се има предвид дека станува збор за прва студија од ваков обем и аналитичка прецизност посветена на оваа тема во рамки на домашната академска продукција. Монографијата не само што претставува придонес кон изучувањето на религиозната мисла во доцната антика, туку и важна основа за понатамошни истражувања за проблемот на злото во христијански и пошироки филозофско-религиски контексти.